Пишува:
Александар КЕЛТАНОСКИ



# AUDI R8 V10

Додека во "BMW" срамежливо го најавуваат прекинувањето на производството на V8 моторите и веќе го разгледуваат и користењето на турбо полначите во своите спортски М модели, по сè изгледа, "Audi" воопшто не ги засега зголемувањето на цените на нафтените деривати и строгите еколошки норми. Следната година сериско производство би требало да има и помоќната верзија на R8, со погон на V10 агрегат и два турбо полнача. Станува збор за истиот мотор кој се користи во најбруталниот караван на "Audi" - RY6 Avant. Biturbo 5.3 литарскиот бензинец развива 572 кс, а на R8 би требало да овозможи перформанси слични на оние на конкурентските супер автомобили - спринт до стотка за помалку од 4 секунди и максимална брзина електронски ограничена на 320 км/ч.





# GEELY GT

По копирањето на некои од успешните европски дизајни Кинезите веќе имаат темна дамка врз нивните дизајнерски идеи. Можеби токму затоа концептот на "Geely", GT личи како да е склопен од повеќе автомобили. Прво што паѓа на памет, според обликот на купето и аглите претставени на цртежите, се Maserati GranTurismo, Alfa Romeo 8C, Aston Martin V8 Vantage. Но, ова се однесува на генералниот облик, бидејќи дефинитивно задните светла, предната маска и предните светла се оригинални. Токму предимензионираноста на овие делови од каросеријата и нивниот бионички облик го прават кинеското купе невообичаено привлечно.

Доколку притоа се спореди дизајнот на купето со претходните обиди на "Geely", па и останатите кинески производители, тогаш дефинитивно може да се каже дека впечатокот од овој GT е исклучителен.



# HENNESEY VIPER VENOM SPECIAL EDITION



Neiman Marcus и Hennesey Performance Engineering заедно работеа на Viper Venom Special Edition, кој беше претставен неодамна. Под хаубата се наоѓа мотор со зафатнина од 5.000 кубици, кој испорачува 700 кс на задната осовина. Перформансите се одлични: спринтот од 0 до 100 го постигнува за 3.3 секунди, а достигнувајќи максимална брзина од 335 км/ч. Капакот на моторот, кој е преработен, обезбедува поагресивен изглед, односно има поголем отвор за воздух. Внатрешноста е преработена во црно-црвена кожа, со специјално дизајнирана табла со инструменти за овој модел. Ќе бидат направени само седум модели од овој убавец, а со неговото купување во пакет доаѓаат и специјални часови во Lonestar Motorsports Park. Дизајнерите на возилото сметаат дека моќта под хаубата е огромна и дека е потребна правилна обука за да не дојде до негово уништување за кратко време. Цената на овој модел на Viper Venom е 180.000 долари.


ПЗУ СТОМАТОЛОШКА ОРДИНАЦИЈА

**ДЕНТА НОВА**

- пломбирање
- лечење
- вадење
- протетика
- ортодонција
- имплантологија



Њу Делхиска 4
локал 11 , Скопје
+389 75 577 600
+389 75 471 947
denta_nova@yahoo.com

SO OVOJ KUPON IMATE 20 % POPUST
ZA STOMA TOLO[KI USLUGI VO
ORDINACIJATA "DENTA NOVA"